**20161683825**

## МИНИСТЕРСТВО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ

Врз основа на член 27 став (1) алинеја 6 од Законот за возила („Службен весник на Република Македонија“ број 140/08, 53/11, 123/12, 70/13, 164/13, 138/14, 154/15, 192/15 и 39/16), министерот за внатрешни работи донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА ВИСИНАТА НА ТРОШОЦИТЕ ВО ПОСТАПКАТА ЗА ИЗДАВАЊЕ НА РЕГИСТАРСКИ ТАБЛИЦИ

Член 1

Во Правилникот за висината на трошоците во постапката за издавање на регистарски таблици („Службен весник на Република Македонија“ број 31/12, 114/14, 32/15 и 119/15), во Прилогот во точката 34. во колоната „НАЗИВ НА РЕГИСТАРСКИ ТАБЛИЧКИ“ зборовите „буквена серија која е составена од буквата А со буквите од B до Z и последователно со наредните буквени серии од буквата B до буквата Z“ се заменуваат со зборовите „било кои две букви од буквата А до буквата Z“.

Член 2

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 13.1.1-52740/1
29 август 2016 година
Скопје

Министер
за внатрешни работи,
м-р **Митко Чавков,** с.р.